Не се случило само она што не било во весниците

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 155

Октомври 2025 г.

цена 20 денари.

• Разговор со деканот, проф. д-р Ѓорѓи Димов



## Успехот на националното рударство е и успех на Факултетот по природни и технички науки

Quehenberger logistics

AKTIVA

ДЕУС ОПТИК
СИТЕ ВИДОВИ НА ДИОПТРИСКИ И СОНЧЕВИ НАОЧАРИ И БЕСПЛАТНО КОМПЈУТЕРСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ДИОПТРИЈА

Авто сервис Рибата

*Локални избори 2025*





## Убедлива победа на Иван Јорданов и на коалицијата „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО ДПМНЕ

Иван Јорданов е старо-новиот градоначалник. Кандидатот на коалицијата „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО ДПМНЕ победи убедливо со 16.514 гласа, што значи дека 76,74 проценти од излезените гласачи го дадоа својот глас за него. Павел Иванов кандидат на СДСМ освои 3.688 гласа или 17,14 проценти. Во Општинскиот совет најголема доминација до сега оствари коалицијата преводена од ВМРО која во 23 членииот советнички состав ќе има 16 советници, СДСМ е застапена со четири советника, два има партијата Левица и еден советник доаѓа од ЗНАМ.

**Стојан Коце, советник**

## Имаме Совет кој ќе одговори на предизвиците



**Образование**

## „Коле Нехтенин“ стана државно училиште -Регионален центар за стручно образование и обука



*Иван Бојаџиски*



# Кога денес би бил жив Митко Анастасовски-Врапчето...

**• Повод: изборите за нова, (а стара) локална власт во нашиот Штип**

Се сеќавате ли почитувани читатели на првиот македонски парламент чиј мандат траеше од 1991 до 1994 година? Претпоставувам дека 99 проценти од вас немаат никакви сеќавања или „спомени" на тој период од првите години на осамостојувањето на Република Македонија, а јас само ќе потсетам дека дел од тој пратенички состав од ВМРО ДПМНЕ беше и Митко Анастасовски (1926-2006) кој, поради еден свој говор од парламентарната говорница го доби прекарот – Врапчето

А, имено:

Пратеникот Анастасовски од говорницата порача дека тој не е видовит, но е сигурен во тоа дека и само ако еден Македонец остане на овој свет тој ќе стане вампир, од вампирот ќе стане врапче, тие ќе станат многу врапчиња, па во секоја гранка од секоја врба и во секоја куќа врапчињата ќе пеат „ВМРО-Македонија, ВМРО-Македонија"!

Ваквиот говор на пратеникот предизвика бура од смеење во Парламентот, но мене, после овие локални избори, ми дојде на ум прашањето што денес би рекол Митко-Врапчето ако како пример за својата „политичко-временска прогноза" ги земе изборните резултати во Општина Штип?

Мислам дека јунакот од оваа наша приказна кој почина во 2006 година ќе биде неизмерно горд на резултатот кој го постигна неговата партија, и ќе си рече „Ех Митко, тоа е тоа кое ти го прогнозираше пред точно 34 години. Сега во Македонија, а посебно во Штип, и врапчињата на врбите пеат ВМРО Македонија".

Но, шегата на страна. Изборниот резултат е таков што му дава за право на ВМРО ДПМНЕ да ја користи метафората на Анастасовски секогаш и во секоја прилика. За тоа најдобро говорат бројките. На овие избори кандидатот за градоначалник од редовите на ВМРО ДПМНЕ Иван Јорданов освои 16.514 гласа, а кандидатот на СДСМ Павел Иванов прескромни за оваа партија 3.688 гласа! Тоа значи дека односот на гласовите е 4,5 спрема еден глас во корист на Јорданов. Се работи за резултат каков што не сме имале во историјата на нашите локални избори од како тие се одржуваат во ваков формат.

Кај листите за советници разликата е нешто помала. Листата на ВМРО ДПМНЕ ја доби довербата на 12.461 избирач, а советничката листа на СДСМ ја поддржаа 3.073 гласачи со што ВМРО ДПМНЕ со коалицијата освои 16 од вкупно 23 советнички места, а СДСМ само четири додека двајца советници има Левица и еден советник доаѓа од партијата ЗНАМ.

Односот кај советничката структура помеѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ е 4:1 во корист на ВМРО ДПМНЕ. Овде е забележлива помалата бројка на полнолетни штипјани кои гласале за листата на ВМРО ДПМНЕ од бројката која гласала за избор на градоначалник, односно за Иван Јорданов. Според мое мислење тука се работи за две причини: првата е што за избор на советници претендира 253 лица од 11 советнички листи со што гласовите се разлеале на многу политички адреси, за разлика од листата за избор на градоначалник која се сведе на само две имиња.. Втората причина лично ја гледам во фактот дека во изминатите четири години Иван Јорданов, како клучна политичка фигура во градот и општината беше силно посветен на градот и неговите потреби, беше повеќе видлив и многу повеќе присутен меѓу луѓето кои ги препознаа неговите остварувања и, како резултат на тоа, го наградија со огромен број гласови доверувајќи му нов градоначалнички мандат за наредните четири години. Факт е дека во предизборниот период најголем број штипјани јавно говореа дека победата на Јорданов ќе биде убедлива како резултат на остварувањата реализирани во градот за време на неговиот четиригодишен мандат, но и на неговата комуникативност со граѓаните на Општина Штип.

А за СДСМ и Павел Иванов што да се каже после еден ваков дебакал? Според мое мислење Павел не смее и не треба да биде незадоволен од состојбата од овие избори, состојба во која го доведе претходното партиско раководство на СДСМ. Павел е личноста која во време-невреме за неговата партија, кога никој друг не сакаше се нафати да застане на нејзино чело, а подоцна, кога исто така никој не сакаше да излезе на мегдан со Иван Јорданов како кандидат за градоначланик тој, како прв социјалдемократ во Штип, се реши на таков чекор. Во некоја рака Павел Иванов, барем за мене, е тивкиот херој на штипските социјалдемократи.

Но, да се вратам на Митко Анастасовски-Врапчето. Кога тој денес би бил жив, некако сум убеден дека би посакал да живее во Штип од едноставна причина: во нашиот град ВМРО ДПМНЕ оствари најдобри резултати од сите други поголеми општини во Македонија. Верувам дека општинското вмровско раководство би му ја врачило титулата „почесен граѓанин на Штип кој имаше способност да ја види иднината"..

# ВМРО ДПМНЕ доминантно и во изборот за градоначалник и во изборот за советници

Во Штип, во наредните четири години комотно и речиси без опозиција ќе владее партијат ВМРО ДПМНЕ. Огромна победа оствари оваaа партија со своите коалициони партнери на локалните избори одржани на 19 октомври 2025 година, а која на изборите настапи со слоганот „Твоја Македонија“.

Иако се очекуваше за избор на градоначалник да има поголем број кандидати, сепак листата се сведе на само две имиња: на Иван Јорданов од коалицијата „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО ДПМНЕ и на Павел Иванов од коалицијата за локални избори 2025 година предводена од СДСМ. Иван Јорданов новата кандидатура ја имаше од функцијата градоначалник на Штип, а Павел Иванов од функцијата претседател на штипските социјалдемократи.

На крајот од изборниот ден, кога беа обелоденети резултатите, се покажа дека Иван Јорданов, на овие избори, однесе највисока победа во историјата на Штип од моментот кога гласањето за локална власт се одвива на овој начин. Гласот за старо-новиот градоначалник го дадоа 16.514 полнолетни граѓани на Општина Штип, односно 76,74 проценти од 20.218 гласачи кои излегоа на изборите, додека за Павел Иванов гласаа 3.688 избирачи, или 17,14 проценти од излезените на избори. Тоа говори дека на секој еден глас за Павел Иванов кандидатот Иван Јорданов добил по 4,5 гласа.

Со овој успех, Иван Јорданов стана само вториот „татко“ на градот кој во 80 годишната историја на Штип и општината (од 1945 година наваму) успеал да врзе два градоначалнички мандати. Првиот на кој тоа му успеа е Михаил Данев кој беше градоначалник на Штип во периодот 1974-1982 година, но тогаш во еден сосема друг општествено-политички систем.

Што се однесува до **Општинскиот совет** и тука големата победа е на страната на коалицијата „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО ДПМНЕ. Како никогаш до сега оваа коалиција освои 16 од вкупно 23 советнички мандати, што говори дека таа сосема комотно може да носи одлуки во наредните четири години.

Интересен е фактот дека бројот на гласачи за новиот советнички состав е поголем од бројот на гласачи за градоначалник. Имено, за избор на советници гласале 21.520 избирачи, додека за избор на градоначалник гласале 202 лица помалку, односно 20.218.

На изборите са советници, за 23 советнички места, конкурираа 253 кандидати чии имиња се најдоа на 11 советнички листи. Новиот Општински совет ќе биде составен од 16 советници од ВМРО ДПМНЕ и коалиција, четири од СДСМ и коалицијата, два од партијата Левица и еден од партијата ЗНАМ.

**Еве кои беа листите и какви се нивните резултати:**

-Коалиција „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО ДПМНЕ доби 12.461 глас или 57,90 проценти;

-Коалицијата предводена од СДСМ доби 3.073 гласа или 14,28 проценти.

-За Партијата Левица својот глас го дадоа 2.054 избирачи или 9,54 проценти;

-За листата на ЗНАМ гласаа 965 лица или 4,45 проценти;

- На петo место е листата предводена од Енис Демиров за која гласаа 531 лице што во проценти е 2,47 проценти;

-Партијата МААК доби 256 гласа, или 1,19 проценти;

-Демократската партија на турците има поддршка од 254 избирачи, што е 1,18 проценти;

***Соодносот во гласови помеѓу Иван Јорданов и Павел Иванов е 4,5:1, во Општинскиот совет комотно одлуки ќе си носи ВМРО ДПМНЕ и коалицијата која од 23 освои 16 советнички места, најголем број до сега.***

-Единствена Македонија ја освои довербата на 213 избирачи, или на 0,99 проценти;

-Група избирачи на чело со Раман Демиров освои 172 гласа, односно
0,80 проценти;

-Коалиција за зелена иднина собра 166 гласа што е 0,77 проценти и

-„Искуство за успех“, коалиција предводена од ЛДП освои 64 гласа или 0,30 проценти.

## Со Стојан КОЦЕВ, највозрасниот советник во Советот на Општина Штип

# Спојот на искуство и младоста на советниците се гаранција за квалитетен придонес на Советот за развојот на Штип



*Стојан Коцев*

Стојан Коцев, доктор по менаџерство, е највозрасниот советник во новиот состав на Советот на Општина Штип. Во штипскиот локален парламент Коцев дојде од листата на ВМРО ДПМНЕ која доминантно ја доби довербата на штипското гласачко тело. Со г-дин Коцев правиме интервју на значајни теми кои се дел од нашето секојдневие и за улогата на Советот во креирање на нови политики за еден поубав Штип и за општоината во целост.

**Г-дин Коцев, кажете ни нешто за себе.**

-Роден сум 1954 година во Штип. Во родниот град завршив гимназија со одличен успех. Електротехнички факултет, насока електориника завршив во Белград, Извршна мастербизнис администрација завршив во Софија-Бугарија на Американскиот универзитет а докторски студии по менаџерство завршив на ЕПЦД Универзитетот основан од Обединатите нации во Белград. Прво вработување ми беше во 1979 година во фабриката за сијалици Селена на местото раководител за производство на инкадесцентни сијалици и компоненти и тука останав се до 1985 година. Од таа па до 2018 година бев вработен во Македонски телеком каде во 1999 година станав директор на Регионалниот оперативен центар за пристапни мрежи во Источна Македонија. Во брак сум со сопругата Соња која е магистер по фармација и е сопствен на аптека, имаме син Душко, дипломиран економист, две внуки...

**Како се најдодвте на советничката листа на ВМРО ДПМНЕ?**

- Предлогот дојде од ветераните на ВМРО ДПМНЕ, а со поддршка на штипското раководство на Партијата се најдов на советничката листа. Предлозите произлегуваат од членството на партијата на состаноците на партијата по месните комитети на демократски начин и по слободно убедување на членството. Што се оденесува до составот на Советот во Општината од страна на ВМРО-ДПМНЕ има членови со поголемо работно искуство и помлади членови од разни квалификации, како што се доктор по медицина, дипломирани електро и машински инжењери, професори, економисти, правници, земјоделски инжењер од кои двајца доктори на науки итн. Значи составот е мешан и по квалификации и по старосна граница, така да семетам дека искуството и младоста ќе имаат голема шанса да дадат квалитетен придонес во редовната работа на Советот во Општината.

**Според Вас на што се должи најголемиот успех на Вашата партија во историјата на нашата општина на едни локални избори?**

-Пред се и над се на огромното залагање на нашиот градоначалник Иван Јорданов подржан од Советничкиот тим на ВМРО-ДПМНЕ во изминатите чети- ри години. Реализирани се голем број на проекти со континуирана и самопрегорна работа, а започнати се и проекти кои ќе се дополнат со нови во наредните четири години и кои градот ќе го направат најубав и најпријатен град за живеење во Македонија. За град како Штип добро е за развојот на градот по сите основи, локалната власт да биде подржана од централната власт, да има доволно средства за реалиазција на зацртаните проекти, а не спротиставености во случај централната власт да е од друга партија. Ваквите реализации на проектите се и ќе бидат во интерес и задоволство на граѓаните за подобар, полагоден и поспо- коен живот.

**Вашата партија ВМРО ДПМНЕ со 16 од вкупно 23 советници има доминантно мнозинство и може комотно да носи одлуки. Да ли Вие, како советник со најголемо работно и животно искуство сте подготвени да прифатите предлози кои би доше од опозициските советници ако ги оцените како квалитетни добри за општината во која живееме?**

-Секако. До колку во Советот би имало предлози со издржани проекти од опозицијата, сметам дека сите ние советниците од нашата партија ќе ги подржиме. Ние, сепак, живееме во иста средина, делиме заеднички моменти на живот, во добро и лошо, одиме по исти улици и тротоари, делиме иста околина, го дишеме истиот воздух, па нема никаква причина нешто доколку е добро да го негираме или игнорираме. Советниците со свои нови и добри предлози и идеи можат многу да придонесат во развојот на Опшината, секако дека реализациите зависат и од расположивите

финансиски средства на Општината, но сето она што е реално, практично и одржливо на долг период, ќе биде поддржано лично од мене и од останатите советници.

**Во еден наш разговор ни рековте дека сте многу горд на Вашето семејство воопшто но и од гледна точка на семејната политичка определба (ВМРО ДПМНЕ). Кажете ни нешто за тоа.**

-Што се однесува до фамилијата, јас сум горд на мојата фамилија и од гледна точка на политичката определба и од аспект на стручната спремност на членовите на фамилија. Дел од нив се медицински лица, доктори, фармацевти, стоматолози, дел од нив се технички лица електроинжењери, технолози, машински инжењери, професори на универзитети итн. Лично за себе сакам да кажам дека во својата кариера работев максимално чесно и напорно во континуитет, најпрво во фабриката Селена изградивме тим со иновативен




***Новиот Општински Совет, со градоначалникот Јорданов, Изборната комисија...***

дух, ќе споменам само неколку поединци како што се Владо Кљонков, Никола Роглев, покрај редовното производство на сијалици, со нив направивме машина за производство на електроди за сијалици, со Моне Карагозов направивме електронски плочи - модули за замена на странските (Швајцарски) заради заштеда на девизни средства во тоа време, со домашни компоненти. Во Македонски Телеком по преминот од Селена во 1985 година, ги заменивме старите кросбар централи со нови дигитални централи АХЕ 10 први во Македонија во Штип и Кочани, понатаму следеа изградба и монтажа на нови дигитални ВФ системи, нови РР системи во Источна Македонија, нови кабелски мрежи, нови оптички мрежи, современи базни станици за мобилна телефонија и изградба и монтажа на многу друга телекомуникациска опрема. Во мојот работен век имав можност да присуствувам на додатна едукација во повеќе компании во странство, ќе набројам неколку од нив, Фабриката за производство на машини за сијалици и спирали за сијалици Фалма во Фрибург- Швајцарија, фабриката за производство на сијалици Тунгсрам во Будимпешта - Унгарија, Искра во Љубљана -Словенија, Тесла во Панчево -Србија, понатаму фабриката за производство на телекомуникациска опрема Ериксон во Стокхолм -Шведска, Тесла во Загреб Хрватска, Искра во Крањ Словенија, Алкател во Милано Италија, Осцилокварц за производство на примарни и секундарни референтни часовници во Нојшател- Швајцарија, Фабриката за производство на компјутери Компак во Силиконскта долина во Купертино и Хјустон - САД, Сити Банка во Њујорк и Форбс магазинот во Нујорк преку магистерските студии на АУБГ, разани саеми во делот на електрониката и телекомуникациската опрема итн...

***Ако во Советот би имало предлози со издржани проекти од опозицијата, сметам дека сите ние советниците од нашата партија ќе ги подржиме. Ние, сепак, живееме во иста средина, делиме заеднички моменти на живот, во добро и лошо, одиме по исти улици и тротоари, делиме иста околина, го дишеме истиот воздух, па нема никаква причина нешто доколку е добро да го негираме или игнорираме.***

**За кои вредности лично Вие ќе се залагате на седниците на Општинскиот совет?**

-Најпрво ќе се заложам за реализација на започнатите проекти и реализација на нови проекти. Ќе наведам неколку примери: изградба на двата нови моста на реката Брегалница, едниот во близина на населбата Балканска, а другиот во населбата Плуждино, каде што ќе биде лоцирана обиколницата Пребег – Плуждино и истата ќе овозможи изградба на нова населба во близина на Мерите-Кежовица и отварање на



**Коцев на промоцијата на доктори на науки 2017 година**

перспектива за градба на хотелски комплекс во Кежовица и изградба на Спа–центар "Кежовица", понатаму инализација на брането на река Отиња и нејзината околина, завршување на спортската сала Џексон, нов булевар на улицата Гоце Делчев према излезот на градот, нов старечки дом, нов студентски дом, завршување и опремување на новата клиничка болница и многу други. Истовремено ќе се залагам за поголема заштита и одржување на урбаната и спортска опрема и хигиената во градот и околината со воведување на подобра селекција на отпадот. На крајот, ценам дека граѓаните и нивното задоволство од нашите услуги ни се примарни со нивните секојдневни барања и потреби, затоа максимално ќе се трудиме да им ги исполниме интересите и потребите и со тоа се создадат услови за подобар живот.Всушност, тоа ни се главните задачи како советници, бидејќи ние советниците сме избрани на овие функции од граѓаните во Општината и сме обврзани да работиме чесно и одговорно за нив.

***Лично за себе сакам да кажам дека во својата кариера работев максимално чесно и напорно во континуитет. Најпрво во фабриката Селена изградивме тим со иновативен дух, ќе споменам само неколку поединци како што се Владо Кљонков, Никола Роглев, покрај редовното производство на сијалици, со нив направивме машина за производство на електроди за сијалици, со Моне Карагозов направивме електронски плочи- модули за замена на странските (Швајцарски) заради заштеда на девизни средства во тоа време, со домашни компоненти...***

***Значи составот е мешан и по квалификации и по староснa граница, семетам дека искуството и младоста ќе имаат голема шанса да дадат квалитетен придонес во редовната работа на Советот во Општи***



**Коцев со Златниот индекс кој му го врачи деканот на ЕТФ-Белград по повод 50 годишнината од запишувањето**

# Да ли Американските санкции врз Русија стигнаа и до Штип

Одлуката на Соединетите Анерикански Држави да ги санкционира најголемите руски компании „Лукоил“ и „Роснефт“ и нивните подружници низ светот го опфаќа и нашиот Штип. „Лукоил“ веќе објави дека го започнале процесот на продажба на своите инсталации во странство. Ваквата одлука на компанијата доаѓа една недела откако САД ги санкционираа најголемите руски компании „Лукоил“ и „Роснефт“ и нивните подружници.

Вoофицијалното соопштение објавено на веб-страницата на компанијата.„Лукоил“стои дека поради воведувањето рестриктивни мерки против компанијата и нејзините подружници од страна на некои земји, компанијата ја објавува својата намера да ги продаде своите меѓународни средства. Во соопштениетосе наведува дека веќе започнала да разгледува понуди од потенцијални купувачи.




„Лукоил“информира дека поради воведувањето рестриктивни мерки против компанијата и нејзините подружници од страна на некои држави, компанијата ја објавува својата намера да ги продаде своите меѓународни средства. Започнато е разгледување на понудите од потенцијални купувачи.

Продажбата на средствата се спроведува според лиценцата за намалување на капиталот од страна на ОФАЦ. Доколку е потребно, компанијата планира да поднесе барање за продолжување на лиценцата за да обезбеди непречено работење на своите меѓународни средства“.

Канцеларијата за контрола на странски средства (ОФАЦ), во рамките на Министерството за финансии на САД, минатиот четврток воведе санкции врз руските компании „Роснефт“ и „Лукоил“.Како причина, ОФАЦ наведе дека „Русија не покажува сериозна посветеност на мировен процес што би ја завршил војната во Украина“.

Руската компанија „Лукоил“ работи и во Македонија под името „Лукоил Македонија“, нејзината основна дејност е продажба на нафтени деривати. Кога беа објавени санкциите многумина си го поставуваа прашањето дали и „Лукоил“ во Македонија можеби потпаѓа по санкции.

Министерството за финансии на САД наведе список на сите подружници на „Роснефт“ и „Лукоил“ што потпаѓаат под санкции, а компанијата „Лукоил Македонија“ не е спомената на таа листа. Всушност, не е спомената ниту една подружница на „Лукоил“ во регионот (туку само во Русија). Но имаше одредена загриженост во двата соседи кои имаат силни подружнисици – во Бугарија и Србија. Таа загриженост сега оди на дополнително ниво.

Министерството за финансии на САД дополнително истакнува во одлуката дека „сите фирми во кои ‘Роснефт’ и ‘Лукоил’ имаат 50 проценти или повеќе сопственост, директно или индиректно, автоматски се блокирани според Извршната наредба 14024, дури и ако не се индивидуално наведени од OFAC“.

И во Македонија и во Србија и во Бугарија „Лукоил“ засега работи нормално, нема никакви ограничувања.

На официјалната веб-станица на компанијата во нашата држава стои дека „Лукоил“ во Македонија е претставена со друштвото-ќерка „Лукоил Македонија“, кое е дел од Балканска меѓурегионална група на компании и врши продажба на големо и мало на нафтени деривати. Во моментов „Лукоил“ во Македонија работи со мрежа од 40 бензински станици и еден нафтен склад. Што ќе се случува со „Лукоил“ во Македонија, со нејзините средства и дали таа ќе биде понудена на купувачи сега е прилично неизвесно. Ако компанијата се продаде прашање е за сигурноста на работните места на вработените.

Штип во оваа приказна има важно место зашто токму во нашиот град е стационирн нафтениот склад, а кај Железничката станица е и бензиската пумпа со името „Лукоил“.

Надлежните во Македонија смируваат дека нема да има проблеми со снабдувањето со нафтени деривати, бидејќи над 80 отсто бензинските пумпи се снабдуваат со бензин и дизел од Грција. Но, се смета дека прашањето за судбината на компанија и вработените може да стане многу болно.

# „Коле Нехтенин“ стана државно училиште -Регионален центар за стручно образование и обука

Од почетокот на месец септември годинава, Владата на РС Македонија ги превзеде основачките права од Општина Штип врз средното општинско училиште „Коле Нехтенин“. Со овој чин Владата ги превзеде и обврските спрема училиштето кое, последниве години посебно, влезе во „мода“ кај нашата млада популација. Од 1 септември училиѓтето е со нов назива Државно средно училиште – Регионален центар за стручно образование и обука „Коле Нехтенин“ Штип, а скратениот назив гласи ДСУ-РЦСОО„Коле Нехтенин“ Штип.

Во училиштето се изучуваат три струки: Електротехничка, Машинска и Угостителско-туристичка во чии рамки се изучуваат единаесет профили и тоа:

**Електротехничка струка**, Електротехничар енергетичар, Електротехничар за електроника и телекомуникации; Електротехничар за компјутерска техника и авоматика.

**Машинска струка:** Машински техничар за компјутерско управување; Машински техничар; Машински техничар за моторни возила; Машински енергетски техничар; Машински механичар; Конструкциски механичар.

**Угостителско-туристичка струка:** Готвач-келнер, Во рамките на трите струки: Електротехничка, Машинска и Угостителско-туристичка се изучуваат единаесет профили и тоа:

**Угостителско-туристичка струка:** Готвач-келнер-Во иднина во ДСУ-РЦСОО „Коле Нехтенин“ Штип останува да се изучуваат истите струки и профили со можност за отворање и на нови профили според потребите на пазарот на труд. Од вкупниот број на профили се издвојуваат следните профили за кои ние ќе бидеме акредитирани како Регионален центар: Електротехничар енергетичар, Електротехничар за компјутерска техника и авоматика, Машински техничар за компјутерско управување и Машински техничар и во наредниот период за овие профили ќе бидат уредени кабинети и опремени со најсовремена и софистицирана опрема, вели Јованка Шалева.

Шалева додава дека како новитет е фактот дека во иднина училиштето треба да го развие и неформалното образование, односно образованието за возрасни и тоа за почеток преку следните акредитирани профили:  Монтер за електрични мрежи, Монтер за електрични инсталации, МИГ/МАГ заварувач и Бравар. Покрај овие профили Регионалниот центар ќе работи во насока на воведување и други профили за неформално образование во согласност со барањата на кандидатите и пазарот на труд. – “Ова ќе биде многу важен сегмен од работењето на РЦСОО бидејќи сметаме дека секому треба да му биде дадена прилика да го дооформи своето образование, да се преквалификува, доквалификува и слично“, додава Шалева.



Шалева

Во однос на формалното образование училиштето и до сега имаше и има регионален карактер бидејќи во него, освен ученици од Штип, се запишуваат и ученици од повеќе општини од Источниот регион. Приоритет беше и останува континуираното подобрување на воспитно-образовниот процес, создавање квалитетен кадар на пазарот на трудот, како и стекнување добра основа на учениците кои во иднина планираат да го продолжат своето образование. Новата опрема и подобрената инфраструктура ќе ни помогне во реализација на нашите приоритети, поставени цели и задачи.




- Ние сме горди на нашите ученици кои во континуитет го одржуваат училиштето на висок пиедестал. Квалитетното образование за сите наши ученици до сега не’ задолжува  во иднина да бидеме уште подобри и да ја оправдаме довербата која ни е дадена и поради која станавме РЦСОО. Во моментов училиштето брои 700 ученици и со оглед на фактот дека вкупниот број на ученици на ниво на Општина и држава се намалува, ние сме повеќе од задоволни со овој број. Тоа е показател дека сепак најголемиот број ученици го одбираат нашето училиште како своја иднина и перспектива. Бидејќи имаме повеќе струки и профили неблагодарно е да фаворизираме одредени струки или профили. Едноставно би рекле дека согласно успехот од основното училиште, учениците ги одбираат профилите во кои сакаат да се запишат. Ученикот кој се запишал во профилот   каде што се бара најголем број бодови и ученикот кој се запишал во профил со најмалку барани бодови се подеднакво важни за нас. Целта е на сите да им се овозможи да се стекнат со образование, да научат што повеќе, да ги поврзат теоретските со практични знаења и слично, појаснува директорката Јованка Шалева.

# Успехот на националното рударство е и успех на Факултетот по природни и технички науки

**• Разговор со деканот, проф. д-р Ѓорѓи Димов**



*проф. д-р Ѓорѓи Димов*

Иако темите за состојбат со животната средина во нашата јавност се доминантни, ништо помал не е ниту интересот за нашето рударство, стопанска област која придонесува за поволниот резултат на националниот БДП.Дека тоа е така говори и фактот што Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини подготвува нов Закон за рударство и нов Закон за геологија во чија изработката сериозно учество имаат речиси сите професори од Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“.

-Ние сме единствениот факултет во Македонија на кој се изучува рударството со површинската и подземната експлоатација и преработката на минералните суровини, геологијата и животната средина. Успехот на македонското рударство и е наш успех. Горди сме на фактот дека сите стручни кадри кои работат во нашите рудници, јагленокопи, каменоломи, мермерни комбинати, сите кадри кои трагаат по нашето рудно богатство како и оние кои како научници се грижат да имаме квалитетна животна средина се излезени од нашиот факултет. На овој начин нашата образовно-научна институција придонесува за благосостојбата на нацијата, вели проф.д-р Ѓорѓи Димов, декан на овој факултет.

Нашиот соговорник е задоволен од фактот дека младите се повеќе и во поголем број го препознаваат значењето на рударството и фактот дека оваа стопанска гранка има иднина, поради што се одлучуваат да се запишуваат на студиите по рударство, геологија и инженери за заштита на животната средина.

-Годинава во прва година на рударство имаме запишано 17 студенти, дел редовни дел вонредни, а седум студенти се запишани на геологија што е бројка која одамна не сме ја имале. Вонредните студенти ни доаѓаат од рудниците Саса и Бучим кои ги стипендираат своите млади кадри, а таков е односот и на РЕК Битола. Очекуваме оваа бројка на новозапишани студенти идната година да се зголеми бидејќи во Радовиш, во рамките на дуалното образование, во тамошната гимназија постои паралелка за рударско геолошки техничари, а во Македонска Каменица за машински техничари. Првите генерации во овие училишта завршуваат идната година па дел од нив ќе го продолжатобразованието на нашиот факултет, посочува деканот Димов.

Според Димов тешко во 21 век без науката од оваа област бидејќи се работи за специфични кадри. Тој, како прв човек на Факултето за природни и технички науки е задоволен од фактот дека Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини има сериозна комуникација со нивниот факултет.-„Тие се корисници, а ние даватели на услуги, па во таа смисла одлично е тоа што имаме така отворена и толку продуктивна комуникација“, вели Димов.

Министерството има формирано стручно тело чија задача е да помогне да се етаблираат рудрството, геологијата и целиот бизнис поврзан со нив.

***ДИМОВ: Годинава во прва година на рударство имаме запишано 17 студенти, дел редовни дел вонредни, а седум студенти се запишани на геологија што е бројка која одамна не сме ја имале. Вонредните студенти ни доаѓаат од рудниците Саса и Бучим кои ги стипендираат своите млади кадри, а таков е односот и на РЕК Битола***

-Се работи за транзиција кон одржливо рударење при што повеќе ќе се води сметка за циркуларната економија која е алтернативно решение за сегашната линеарна економија што се заснова на начин на размислување „земи, направи, троши и одстрани“. Тоа е модел кој се заснова на принципите на дизајнирање на отпад и загадување, одржување на производи и материјали во употреба и регенерирање на природните системи. и за животната средина. Лично ме радува тоа што ние имаме рудници кои имаат активни проекти за одлагање на хидројаловишната маса назад во јамата од просторот од кој потекнува, наместо да се испуштат во блиските реки и така да се загадува животната средина, вели Димов.

# СТЕВАНОВ: Со деветтата уметност другарувам откако знам за себе

***• Александар Стеванов, автор на стрипови е наш гостин во рубриката „Роднокрајни приказни од библиотеката“***




**Александар, кажете ни нешто за Вашето детство. Што сонувавте да бидете како дете?**

Моја прва голема љубов е цртањето. И ден-денес живо се сеќавам дека своето прво „уметничко дело“ го направив не на хартија, туку на платно – на панталоните на дедо ми Владо. Секако, многу ги сакав и книгите. Можеби ваквата љубов кон пишаниот збор е судбинска, со оглед на тоа што раното детство го поминав во куќа што се наоѓа веднаш до онаа во која своевремено живеел нашиот голем поет Ацо Шопов.

**Кои писатели во раното детство ја уживаа Вашата доверба? Кои литературни дела би им препорачале на денешните деца?**

Како и повеќето други деца, првите литературни дела што ги голтав со огромна сласт се оние на браќата Грим и на Ханс Кристијан Андерсен. Дома имавме една голема илустрирана книга со стари приказни, сказни, басни, легенди и митови. Не заспивав без мајка ми да ми прочита макар една приказна од неа. Кога тргнав во основно училиште омилена книга ми стана „1000 зошто, 1000 затоа“. Во младинските денови ги читав Џорџ Орвел и Вилијам Голдинг, а редовно консумирав и научна фантастика.

**Кога и како настана Вашата љубов кон создавањето стрипови? Дали отсекогаш сте сакале да бидете стрип автор?**

Со деветтата уметност другарувам речиси откако знам за себе. Како единствено дете во семејството, штотуку доселено во нова населба во која немав врсници, мајка ми редовно ми купуваше стрипови. Не сум сигурен дали како дете сакав стрипот да ми стане животна определба, но се сеќавам дека бев фасциниран од фактот дека и ние имаме стрип-автори чиј талент воопшто не заостанува зад светскиот просек.

**Кога го напишавте првиот стрип и кога го објавивте?**

Иако стрипови цртав како мал, првите посериозни авторски чекори во светот на деветтата уметност ги направив во 2010 година. Откако случајно се запознавме, со ликовниот уметник Весна Ничевска од Скопје договоривме соработка која веднаш резултираше со стрипот „Година 0“. По неколку месеци ова дело освои награда што ми беше доволен поттик да продолжам и во иднина да пишувам сценарија за стрипови.

**На кои книжевни дела често се враќате? Што читате во моментов?**

„Стрип – запис со човечки лик“ на Томислав Османли е нешто на што често се навраќам. Она што по не знам кој пат го препрочитувам во моментов е мојата тринаесетта публикација на тема историја на деветтата уметност – „Стрипот во Штип, стрипот од Штип“, која наскоро ќе биде објавена.

**Колку е тешко да се издаде стрип на македонски јазик и дали постои поддршка за авторите?**

Занимавањето со стрип во Македонија е вистински подвиг. Имам впечаток дека кај нас како сите да очекуваат авторите самите да се изборат за развојот на стрипот и за подигањето на неговиот општествен статус. Доколку тоа зависеше само од авторите, стрипот одамна ќе беше на заслуженото место. За жал не е така; за неговиот развој неопходно е свој прилог да дадат и издавачите и особено читателите.

**Врз основа на животното и писателско искуство, што би имале да им кажете на помладата генерација стрип писатели кои штотуку тргнуваат на тој пат?**

На младите што решиле да се занимаваат со стрип би им порачал – на прав пат сте. Дури и да не станете успешни стрип-автори, достапната статистика вели дека ќе станете успешни личности. А тоа не е воопшто мал бенефит од занимавањето со една потценета уметничка дисциплина каква што е стрипот, зарем не?




**Пишуваат:**

**Тодор Џидров, библиотекар и Јована Рилак, виш библиотекар**

# Приказна за Денис и Небает кои се без ден одмор за да го прехранат Штип




Денис и Небает Џејмен се брачен пар познат на илјадници штипјани но и на гости на нашиот град кои, кога ќе дојдат во Штип, на квалитетен бурек или баничка одат директно кај Денис, односно во млечниот ресторан „Кај Мако" кого народот го знае како „Бурекчилницата на Денис". Овој брачен пар потекнува од Брод-Гора, но во Штип се подолго од половина век и велат дека се староседелци на овој убав град.

Уште само три години и бурекџилницата „Кај Мако" ќе наполни половина век од моментот кога Денис и неговата сопруга Небает започна да произведуваат бурек и банички кои станаа омилен прехранбен специјалитет на штипјани.

-Нашата работа е таква што не ти дава ниту ден одмор. Почнавме пред 47 години во овој убав град со уште поубави луѓе како слаткарница и бурекџилница, за сега да потоа да се посветиме само на бурекот и баничките, посочува Денис.

Денис и Небает работата си ја извршуваат со голема љубов. Велат дека за бизнисот кој го водат најважни се три нешта: квалитетно брашно, квалитетна урда и над се - супер мајстори. Тие го имаат ова свето тројство и затоа квалитетот на тоа што им го нудат на граѓаните е на највисоко ниво.

-За да можеш да понудиш убав на изглед, вкусен, квалитетен бурек треба да избегавашво него да ставаш адитиви. Има и други мајстории, ама тие не се за јавна објава бидејќи секој занает, па и нашиот, си има и свои тајни кои треба љубоморно да се чуваат, велат брачните другари Денис и Небает.

Денис посебно си ги знае сите свои муштерии кои со години се снабдуваат себе си и семејството со бурек од „Кај Мако". Стотици од нив ги знае по име, чудна е таа си енргија помеѓу оној кој услужува и оние кои се услужени!

-Јас завршив специјално училиште за угостителство во Скопје, потоа во Белград положив четврти степен угостителство, тогаш мораше да се биде стручен за она кое планираш цел живот да го работиш, а денес не се бара ништо, се бара само работник, па дали знае нешто од занаетот или не, тоа и не е толку важно, посочува Денис.

„Кај Мако„ соработуваат со ЕМУЦ „Коле Нехтенин". Нашиот соговорник вели дека обучиле многу деца, најголем дел од нив и до ден денешен им се бла- годарни за спознаените тајни на занаетот.

–„Добро воспитани, одлични деца беа тоа, но мене срцето ми се кине кога ќе разберам дека 90 проценти од нив се успешни но во Германија, Австрија, Швајцарија... Ние мора да направиме се нашите деца да имаат мотив да останат дома, на свое огниште, своето знаење и талентот да го стават на располагање на заедницата во која се родени, на заедницата во која нивните семејства од дамнина имаат пуштено корени. Каде ти се корените таму ти е душата, барем така би требало да биде, коментира Денис.

„Кај Мако" работат тројца мајстори.

-Многу е битно да има организација, процедура во работата. Внимавам некој од мајсторите да не се премори и затоа работиме само во една смена. Имаме распоред, еден вид куќен ред на работата што ни овозможува сите кои се дел од „Кај Мако" да бидат задоволни, а

***Од ЕМУЦ кај Денис на пракса доаѓале ученици, а тој вели дека тие биле добро воспитани, одлични деца, но срцето мусе кинело кога ќе разберел дека 90 проценти од нив се успешни но во Германија, Австрија, Швајцарија...***

најзадоволни да ни бидат муштериите бидејќи ние сме тука за нив, за нивните прехранбени потреби, ние сме презадоволни кога ќе слушнеме дека некој ќе го пофали нашиот производ зашто со храната нема играчки, таа секогаш мора да биде според сите прописи и да ги задоволи и најпробирливите вкусови, појаснува Денис кој на работа доаѓа во време на темна ноќ, односно помеѓу 3 и 3,5 часот кога мајсторот со кого се како најблиски другари, е ноќна смена и се наоѓаат во бурекџилницата за веќе во раните утрински часови на муштериите да можат да им понудат топол и пресладок бурек и (или) баничка..

Нашиот соговорник вели дека нивниот производ се троши брзо и затоа тие немаат време бурекот да го стават во фрижидер.

-„Тоа што излегува од печките, топло и вкусно веднаш им го сервираме на оние кои сакаат да појадуваат на лице место, во бурекџилницата или им го пакуваме на оние кои сакаат да понесат појадок дома", укажува Денис.

Многу штипски семејства тлефонски си порачуваат бурек од „Кај Мако", за појадок на семејството, кога е изнесувачка на гробишта, кога се на гроздобер, за работничките во конфекции...А правило број еден на Денис и Небает е каде и да е нивниот производ тој пред се и над се мора да биде убав на лик, топол, квалитетен и вкусен за да се задоволат сите сетила на човекот.

# РИСТЕВСКИ: „Отело” не е само моја награда, таа е на целиот колектив

*• Актерот Пеце Ристевски на МТФ „Отело“ во Гостивар ја доби наградата за најдобра машка улога што е одличен повод за ова интервју.*

**Г-дин Пеце, нашите честитки за највредната награда на МТФ „Отело“ во Гостивар, Пеце, честитки за наградата на спомнатиот фестивал, дали е Аова Ваша прва награда во богатат актерска кариера во Тетара Штип или...**

Ви, благодарам за убавите зборови и честитки. Наградата за најдобар актер, на МТФ„Отело” за ликовите Карл и Макс, во претставата „Пијани-литургија Зеро”, во режија на Дејан Пројковски, навистина не ја очекував. Пријатно бев изненаден кога ми соопштија дека во конкуренција со актери од Атина, Косово и МНТ, жирито во моите ликови ја препознало посветеноста и трудот што сум ги вложил. „Отело” е моја прва награда за најдобар актер и особено сум горд на неа, бидејќи низ годините оваа награда ја добиле големи имиња како Никола Ристановски, Ермин Сијамија од Босна... Слободно можам да кажам дека годината што полека изминува е особено плодна за штипскиот Театар. Марија Минчева, на МТФ„Војдан Чернодрински” ја доби престижната награда-најдобра женска улога, во претставата „Сите прекрасни нешта”. Знаете, наградите се само материјална сатисфакција, најважно за еден актер, е аплаузот од публиката.



*Ристевски (лево)*

**Да кажете за нашите читатели за која и каква улога е наградата?**

Актерството е колективна работа. Тоа е синџир, во кој секоја алка има своја важност. Дури и кога подготвувате монодрама и сте сам на сцена, позади вас стои цел тим. За актерот, да го одигра својот лик на вистински начин, не зависи само од него. Тука се партнерот, колегите на сцена, како и техничкиот персонал: суфлер, костимограф, гардеробер, реквизитер, сценски работници. „Отело” не е само моја награда, таа е на целиот колектив, кој со огромна посветеност и љубов работеше на овој проект цел месец, буквално деноноќно.

**Како течеше Вашата кариера, колку улоги сте донеле на сцената зад кои стои Вашиот креативен потпис?**

Со актерство започнав уште на четиринасетгодишна возраст, кога заедно со Дејан Пројковски, Зоран Талевски и Александар Димитровски ја формиравме групата „Солза и смеа”. Од првата, оргинална постава, остана само Саше(Александар Димитровски), кој е доста актуелен со претстави, како и со видеа на социјалните мрежи. Во светот на тетарот влеговме многу наивно и детски, без да размислиме дека тоа ќе ни стане животна определба. Од нас четворицата, тројца станавме актери, а еден режисер. Низ годините сум одиграл стотина главни и споредни улоги. За мене, не постојат големи и мали улоги. Кон секоја, пристапувам со иста страст и посветеност. Тешко би издвоил некоја како позначајна или помила, но еве би ги споменал Васка Пепел, од „На дното”, Абел Знорко, од „Енигматски варијации”, Бошко, од „Бегалка”.

**Колку време ти е потребно за квалитетно да изнесеш на сцена еден лик кој ти е зададен од режисерот?**

За целосно да се долови еден лик, е потребно време. Честопати луѓето со вообичаени професии, не можат да го согледат тоа. Па затоа често и јас, и колегите, добиваме коментари од типот- Еј, актер си? А можеш во моментот да се расплакаш или да кажеш виц?...и секако во такви моменти најчесто избираме да кажеме виц. Сакам да кажам дека, создавањето на лик е долга и исцрпувачка работа, во која актерот се троши не само физички, туку и емоционално. Во тој процес, додека создаваме и креираме секако дека размислуваме каков ќе биде одзивот од публиката, како таа ќе го прими и доживее крајниот резултат, а тоа е претставата. Нормално, секој актер, сака претставата во која игра да остане што подолго на репертоар.

**Кое е Вашето мислење за штипјани како публика? Сакаат ли штипјани театар, знаат ли да препознаат добра од лоша претстава, знаат ли да**

**наградат добра актерска игра...**

Наше мото е- „Задоволна публика, уште позадоволен актер”. Штипската публика е извонредна. Знае да награди со аплауз. Тој всушност е нашата мерка за вредност, затоа што публиката секогаш чувствува кога еден актер, целосно се дава на сцена, а кога неговата игра е површна.

**Каков кадар има Штипскиот театар, како функционирате на пробите додека ја подготвувате претставата, за време на самата претстава...**

Што се однесува до уметничкиот кадар во НТШ, таму работат плодни и етаблирани актери, режисер, драматурзи. Ние функционираме како семејство, а тоа се чувствува и на сцена. Секако дека ни е потребна млада крв, која ќе внесе нова енергија. Истовремено имаме недостиг и од технички кадар. Знаете, подолг период во нашата институција, немаше вработувања и многу колеги, кои беа на важни позиции, заминаа во пензија. Денес нашиот колектив, функционира без работници кои се од клучна важност во создавањето на една тетарска претстава. Но, наша задача е публиката да не го почувствува тој недостаток и верувајте, даваме се од себе за секоја претстава да изгледа онака како што треба. Секако, имаме потреба од нова и современа сцена, која ќе може да одговори на сите предизвици што ги поставуваат режисерите. Некој од нив имат доста иновативни и несекојдневни барања, кои за жал поради тоа што во минатото не се вложувало во Тетарот, не секогаш можеме да одговориме. Штип, заслужува модерен театар во кој публиката ќе ужива, а уметниците ќе творат. Во догледно време сите чинители, треба да се обединиме, да вложиме напор и да работиме на таа проблематика. Потребно е да лобираме за Театар, каков што заслужува градот.

**Македонија подолго време нема квалификувана театарска критика, дали сметате дека тоа е голем хендикеп за нашите театари, тоа што денес нема еден Иван Ивановски, Лилјана Мазова, Ристо Стефановски....И како да добиеме квалификуван театарски критичар заради доброто на театарската уметност воопшто?**

За тоа сте во право. Ми се чини дека веќе нема критичари, како што велите од „ковот” на Стефановски, Мазова или Иванов,.. Генерално(со чест на исклучоци)во изминатите неколку години, ретко може да се прочитат вистински и аргументирана критики. Сепак, ние како актери, а и вие како новинари, со секое презентирање на сработеното сме изложени на критика и тоа најмногу од публиката. Еве на пример, во нашата фела аплаузот на премиерата, е првата критика што ја добиваме.

**Од неодамна сте в.д.директор на НУЦК „Ацо Шопов“ дали оваа „улога“ ви е потешка, повеќе комплицирана, поодговорна од улогите кои ги играш на сцената?**

Од априлмесецпаралелно играм две улоги. Преку ден сум директор, а навечер актер. Реално, директорувањето никогаш не ми било цел, ниту пак сум имал амбиција за такво нешто. Јас, сум актер и моето место е на сцена, а не во канцеларија. Оваа „улога” понекогаш знае да исцрпи, но истоштеноста ја надоместувам со вечерните часови, кога после претстава ќе се спушти завесата и со колегите, во репетициона опуштено си разговараме на тема театар. Но, од друга страна сум горд што можам активно да учествувавам во креирањето на културниот живот на штипјани. За наредната година НУЦК „Ацо Шопов”, ‘ќе понуди уште побогата програма. Во план ни се гостувања на познати режисери, нови тетарски престави, многу концерти, изложби, промоции на книги. Во моментот паралелно се работат две претстави. „Случајната смрт на еден анархист”, во режија на Ивана Ангеловска. Премиерно ќе биде одиграна во средината на ноември. И втората претстава е „Ковчег за двајца”, во режија на Никола Ристов. Ќе биде урнебесна комедија. Годината ќе ја завршиме со претстава за најмладата публика .



***Ристевски со Елена Шорова Дербов во „Пијани“***

***„Отело” е моја прва награда за најдобар актер и особено сум горд на неа, бидејќи низ годините оваа награда ја добиле големи имиња како Никола Ристановски, Ермин Сијамија од Босна...***

***Универзумот, очигледно сакаше да станам асимилиран штипјанец. Но, не се каам. Штип, е вистински центар, со голем потенцијал да понуди современ, а истовремено и спокоен живот.***

**За крај најлесното прашање во ова интервју: како еден роден битолчанец се стационира баш во Штип? мм**

Хахаха...приказната за моето доаѓање во Штип, е веќе раскажана. Универзумот, очигледно сакаше така! Ми се скина чевелот, на улица случајно ја сретнав професорката на класа, што ми беше во Софија....и така јас, станав асимилиран штипјанец. Но, не се каам. Штип, е вистински центар, со голем потенцијал да понуди современ, а истовремено и спокоен живот.

# „Дино парк“ за голема радост на децата



На површина од десетилјади метри квадратни Штип го изгради првиот Дино парк, кој се наоѓа во паркот Кртеке, во блзиина на Зоолошката градина во месноста викана Бриони.

Штип го има вториот ваков парк после Скопје. Во главниот град на нашата држава Дино паркот функционира веќе четири години. Во штипскиот парк се поставени педесетина експонати, од кои дваесетина се виртуелни диносауруси кои реагираат на сензори,се движат и при тоа испуштаат криковиштo најмногу ги воодушевува главно децата и младите посетители.



Уште на самиот старт по отворањето Дино паркот стана омилено место и тоа не само на штипјани. Имено, посетителите не се само од Штип, ги има и од сите блиски места, па станува јасно дека и по овој раритетен парк Штип ќе се споменува на еден поширок регион.

Целиот парк, заедно со сите придружни објекти, патеки, комплетното уредување и осветлување, беше завршен во краток временски период. Диносуарусите и останатите придружни објекти се набавени и изградени од економскиот оператор кој го добил тендерот за овој проект.

Во Дино паркот има пешачки патеки, лулашки и игралишта за баскет, а во негова близина е новоизградениот зимски базен и Зоолошката градина која е отворнапред десетина години. Според проекцијата на Општина Штип за идниот развој на месноста Суитлак во план е да се изградииадреналинска патека.





# Време, луѓе, часовници и еден пес

**Пишува:**
**Ристо Божидар Аризанков**

Измислија илјада начини времето да помине, а ниту еден единствен тоа да запре. Што се однесува до мене, веќе и не треба да работат на тоа. Ова и не се баш некои времиња за запирање." – Балашевиќ

Смислот за време се појавува од моментот кога човекот почнал да ги набљудува ѕвездите, па така годината е определена со земјаниот пат околу сонцето. Римјаните ја поделиле на десет дела/ месеци (Јулијански) за потоа, во 1582 година неаполскиот доктор Алојзиј Лилиј го предлага новиот календар кој со декрет на Папата Григориј XIII бил воведен и е наречен Грегоријански. Овој календар содржел 12 месеци, овој број, 12 е клучен во таканаречениот дуждесетински. Месеците поделени на седмици, седум дена според Божјето слово, а денот поделен на 24 часа. 24?

O tempora, o mores – Времиња и обичаи

Tempora mutandum et nos mutamur in ilis- Времињата се менуваат, а и ние со нив

Легендадата за градскиот чесовник во Штип вели дека преубавата Анка побарала од Беготчасовник за да се омажи со него, и тој го изградил, но не и го подарил на неа, туку на градот. Дали Анка била корумпирана па побарала такво нешто за возврат на својата убавина? Се разбира НЕ. Корупцијата преставува злоупотреба на службената положба за остварување незаконска приватна добивка.

За жал во денешно време, кога одамна ги нема ниту Анка, ниту Бегот, останал белегот на нејзината убавина и љубов – градскиот часовник кој не е во функција...арно ама корупцијата сеуште функционира, не во толку масивен облик на градба, доволно е на виберот да го одбереш саканиот часовник. И сега, обично во овие лоши времиња, кога на одговорни работни места се ставаат подобни, а не способни, кога интелегенцијата на вработениот е далеку под одговорноста на задачите за кои е вработен се појавува таа – кралицата корупција.

Часовникот беше предмет на интерес, кога еден пес (според човекот најверен човеков пријател, другата страна никогаш не е прашана за тој квалитет








на однос), доброволен доживотен осуденик во КП домот ,,зел" часовникот на еден штитеник и стана медиумска атракција.

За крај постои една паралела – Луѓето се како и часовниците, некои одат напред, некои заостануваат, а некои се расипани... и да не ги обезвреднам овие последниве, треба да се знае дека во текот на денот расипаниот часовник два пати покажува точно време...

Зошто? Во древниот Египет се знаеле 12 соѕвездија па денот и ноќта биле поделени на тие 12 соѕвездија – Зодијак. Пак фамозниот 12. Часовите поделени на 60 минути, минутите на 60 секунди... секстагезимален систем преземен од Вавилонците.

Првиот часовник, направен на база на пружина потекнува од 1360 година кога Хенри Де Вицицк го направил и тој механизам постои до ден денес, освен ѕидните часовници со клатно – осцилатор, кога Леонардо да Винчи го патентирал некаде во периодот помеѓу1493-1494.



**Пишува:**
**М-р Трајче КАЦАРОВ,**
**писател**

# Сите ние на нашите деца

Кон Финдлетеровата црква чекореа четири момчиња, држејќи се под рака, ги нишаа главите и одеа во ритамот на полетната мелодија која нивниот водач ја свиреше на хармоника. Таа музика за момент пролета по сонувачкото ткиво на неговата свест, како што секогаш бидува со првите тактови на неочекуваната музика, и го растопи безболно и бесшумно како што ненадејниот бран ги распаѓа детските топчиња направени од песок. Насмевнувајќи се заради таа испрекината мелодија, тој го подигна погледот кон лицето на свештеникот и, гледајќи ја на него невеселата рефлексија на залезот на денот, полека ја повлече својата рака која неодлучно му се предаваше на тоа братство.“ (извадок од романот на Џ.Џојс „Портретот на уметникот во младоста“)

Така Џемс Џојс заврши со идејата да го продолжи школувањето во езуитското училиште. Беше член на нестабилно и многудетно семејство. Биле десет на број. Џојс бил најстариот од сите сестри и браќа. По смртта на мајка му, татко му се предал целосно во рацете на масовниот убиец насекаде познат под краткото име алкохол. Џојс иако сиромашен посетувал добри училишта. Се издржувал себе , а и семејството од тоа што држел часови по странски јазици, италијански, француски. Држел и часови по музика.

Но, во текстот немам намера да раскажувам за животниот пат на една од најмаркатните личности на светксата книжевност, за писателот на култниот роман „Улис“. Едноставно клучната одлука за тоа кон кој пат да тргне младиот Стивен Дедалус, романесното име на Џојс, е она што сакам да го земам како појдовна точка во статијата.

Имено како што стои во автобиографскиот роман, музата Еутерпа ја победува ладната рака на свештеникот. Па Џојс, наместо да тргне по светлите патишта на Божјата промисла, да стане свештеник, ценета, респектибилна личност, тргна по соблазната на тонските опијати на заштитницата на уметноста.

Поаѓајќи од податокот дека нашата животна стварност изобилува со не мал број вакви примери, поготово помеѓу младата популација, само по себе, ни се наметнува прашањето, кои во нашата животна заедница ја подаваат ладната рака, а кои Дионисовите празнувања?

Џојс алиас Стивен Дедалус, бил сиромашно дете, без мајка и со татко пијаница, што значи бил хендикепиран во однос на родителскиот наук и прекор. Гонет од внатрешните немири, плод на творечката надареност, ја избрал музата на музиката, на уметничкиот занес.

Нашите деца кои во целост му се предадени на богот на славјето, празниците и пијанството, можат ли својот избор да го оправдат со недостаток на родителска љубов и грижа? Ако кажеме дека можат, тогаш многу родители би се нашле засегнати. Удирајќи се во градите, гневно, навредени од клеветата, низ лавовски рев ќе кажат дека децата се нивното најголемо богаство, иднината на нивниот и на светот воопшто! Ако е така, тогаш зошто оставаме најголемото, најценетото богаство да се пролева безцелно, неодговорно, лекоумно надвор од топлите домови, стабилните семејства... Дали треба бесценетото богаство да го оставаме во рацете кои му препишуваат чекори за директен од во амбисот од каде излезот е на оној свет?

Треба ли да молчиме кога ќе заклучиме дека некој ги нагонува чедата наши, да се отргаат од родителската рака како од ладната на свештеникот (во примерот со Џемс Џојс, односно Стивен Дедалус) и слепечки да ја прифатат онаа која им нуди славја и празници, а малку сосем малку леб?

Мислам дека е време да застанеме на патот на алхемичарите, новите Парацелзиуси. Да им ги затвориме лабораториите каде ноќите ги претвораат во ден, а деновите во ноќи. Во ноќи во кои сите отсонувани соништа се толкуваат низ разврат и пијанство...

Мислам дека е време да и се наклониме на Еутерпа, но низ лирскиот пев на нашите национални вредности во уметничката реч.

**На деда Богомил**
**земјата ровка, мека,**
**набабрена за род,**
**со страдна душа чека**
**ударите ни јаки**
**со мотиките остри**
**по троскот**
**пелин трат!**
**Да прокопаме меко**
**полињата родни**
**афион, тутун, житце**
**да родат благородни.**
**(Коста Солев Рацин)**



Пишува:
Роберт Аџипетров

# На Македонија и е потребна Национална мрежа на психолози, педагози и специјални едукатори и рехабилитатори

Во образововниот процес имаме три страни: наставници, ученици и родители. Слично како во производство, квалитетен аутпут имаме само доколку се користи добар инпут што значи високо-образован кадар се генерира само доколку имаме добра соработка на основните три страни во образованието. Утопија не постои, а секој систем неминовно се соочува со проблеми. Проблемите можат да бидат од најразличен карактер, но она што видливо е поизразено денес е појавата на несоодветно однесување на учениците во форма на булинг, асоцијално однесување, попречување на настава итн. При појава на несоодветно однесување на ученикот, училиштата е потребно директно да работат со родителите т.е. да ги советуваат. Согласно закон и во основно и во средно, ако поканата за советување се однесува на антисоцијално (девијантно) и асоцијално однесување, потребно е стручно мислење од Педагошката служба.

Појавите на девијантно однесување се чести, видливо по објавите во медиумите и поплаките од родителите, но истите се ретки доколку се погледне бројот на побарани стручни мислења од училиштата до Педагошката служба. Ова значи дека или училиштата ретко кога ја почитуваат својата законска обрска да побараат стручно мислење, или пак бројот на институционално процесирани случаеви на несоодветно однесување е помал од бројот на оние кои реално се случиле.

Зошто училиштата не ги препознаваат овие појави, или зошто кога ќе ги препознаат ретко кога го почитуваат законот односно бараат стручно мислење? Одговорот не може да биде прецизно дефиниран и училиштата не можат веднаш да бидат ставени на обвинителна клупа. Да, законот мора да се почитува, но за можеме да зборуваме за ригорозни санкции неопходно е на почеток да бидат едуцирани инволвираните страни. Тоа значи педагошките служби во училиштата е потребно да бидат континуирано едуцирани за тоа како да постапуваат во наведените ситуации, а воедно и да им бидат посочени законските регулитиви како и обврските.

Педагошката служба, орган во состав на МОН согласно Законот за Педагошката служба има 18 надлежности во делот на советување на родители и впрочем самиот назив на институцијата говори за неговата основна намена. Овој орган работи и на постапките за одобрување и набавка на учебници, по кои е и познат во јавноста, но сепак самиот назив на институцијата зборува за примарната цел, а тоа е непосредна работа со педагошките служби кои се дел од училиштата. За да може Педагошката служба активно да работи со училиштата потребно е да има доволен број на соодветно едуциран кадар кој би помогнал во најделикатните моменти и би понудил решенија на најтешките проблеми. За ова се потребни луѓе со врвно теоретско знаење, но и реално практично познавање на проблемите и решенијата. Согласно наведеното, на Педагошката служба би и биле потребни како вработени најдобрите педагози, психолози и специјални едукатори кои работат во училиштата. Но дали доколку овие лица преминат од училиштата во Педагошка служба би биле оптимално искористени и дали воопшто постои соодветна замена за истите. Денес се соочуваме со дефицитарност во поглед на соодветен кадар како во наставата така и во делот на стручните соработници, што значи дека преземањето на најдобриот кадар од училиштата би задал поголем удар одколку што би бил решение за проблемот. Тогаш се јавува прашање како да се создаде добар тим кој би бил поддршка, но не би ги оштетил училиштата со одземање на најдобриот кадар.

Одговорот лежи во законска измена на Законот за Педагошка служба, и формирање на Националнамрежа на психолози, педагози и специјални едукатори и рехабилитатори. Оваа мрежа би имала пирамидална структура, при што од секој регион од редот на веќе вработените стручни соработници, согласно законски утврдените критериуми, би биле селектирани најдобрите. Членовите на мрежата освен работата во своето училиште би имале обврска да асистираат и во останатите училишта од регионот. Понатаму за секој регион би бил именуван координатор на регион на мрежата. Координаторот би ги координирал активностите на членовите на мрежата, би асистирал во потешките проблеми и директно би соработувал со Педагошката служба и Министерството за образование. Вака формираната мрежа ќе овозможи посилена системска поддршка на училиштата, што би ја зголемила можноста за навремено детектирање на проблеми и превенирање на истите. Новиот Закон за Педагошка служба е веќе доставен на ЕНЕР, а од брзината на неговото усвојување зависи и моментот кога би добиле функционален систем во овој важен сегмент од образовниот процес.

# „Макфест“ ја одбележа 40 годишнината

**• *Три дена Штип живееше со новите и стари песни испеани на фестивалот.***

Штип на 23,24 и 25 октомври беше центарот на македонската забавна музика.Во тие три распеани денови градот, а преку него и целата наша нација, живееше во ритамот на „Макфест“. Фестивалот традиционално се одржа, на сцената на Центарот за култура „Ацо Шопов“, а на него беа испеани 27



*Признание за Стојан Троицки, првото име во историјата на Макфест*

нови композиции. „Макфест“ на јубилејното издание покажа дека заедно со пастрмајлијадата беше и останува негов заштитен знак. Макфест ја одржува во живот македонската забавна музика донесувајќи нови песни кои ја освојуваат главно младата публика. Фестивалот финансиски беше поддржан од Општина Штип, Министерството за култура и општествено-одговорни компании.

**Публиката во салата најмногу се „залепи“ за третата фестивалска вечер која беше резервирана за безвременските песни, хитови кои беа испеани низ изминатите четири деценции од постоењето на Фестивалот кој традиционално, и годинава, се оддржа во големата сала на Центарот за култура „Ацо Шопов“.**

**КОКИ: Го паметам и ќе го паметам засекогаш Макфест по тоа што ни даде шанса, што пред 29 години не лансира со Дуле, а тоа е нешто што млад човек само може да го посака кога почнува да гради сериозна кариера. За мене овој фестивал и денес ја има истата функција да им помогне на младите, талентирани за музика луѓе да се афирмираат, да направат нешто, да има од некаде барем да тргнат по патот кој со љубов си го трасирале, рече Коки.**

И оваа година водители на „Макфест“ беа Маријана Станојковска и Димитар Атанасовски. Годинава за најслушана песна меѓу двата фестивала е прогласена „Жена“, кој минатата година ја отпеа Антонија Гиговска.

Публиката во салата најмногу се „залепи“ за третата фестивалска вечер која беше резервирана за безвременските песни, хитови кои беа испеани низ изминатите четири деценции на сцената на Центарот за култура „Ацо Шопов“. Организаторот, односно градоначалникот на Општина Штип, Иван Јорданов на основачот на Фестивалот на забавни мелодии „Макфест“ му врачи признание за животно дело. Со многу овации, емоции, солзи, неколку минутен аплауз публиката му одаде почит на Стојан Троицки. Признанија добија и уметничките директори на фестивалот „Макфест“, кои во изминатите 40 години биле дел од него.

На сцената на Центарот за култура „Ацо Шопов“-Штип последната од трите фестивалски вечери која донесе и најмногу емоции како меѓу изведувачите така и кај публиката, во еден глас беа испеани 16 безвремнските хитови. Меѓу нив беа„Осамен“ на Трајче Манев, „Признавам“ на Маријана и Росана, „Моја гитара“ на Гиш,Питер Џон Босе ја потсети публиката во салата и пред малите екрани на неговата „Самба во Штип“, „Ангели ме носат“ беше во изведба на Силви бенд, „Свирете ја зајди, зајди“ на Олгица Христовска, „Сонце за три светови“ на Мики Јовановски Џафер... Тања Кочовска настапи со „Твоите очи сини“, Владо Јаневски со „Еден бакнеж“, Коки Јанков „Виолина и гитара“. Во еден глас публиката и Ристо Самарџиев ја пееја „Таму кај што си“, потоа „Љубов се пишува“ на Бојана Скендеровска, Јован Јованов и Маја Саздановскси хитот „Магија и Ти ме сакаш знам“. Публиката се потсети и на хитовите „Тања“ во изведба на Емил Канаваро и Дарко Андонов, „Не планирам“ на Ламбе Алабаковски, а вечерта заврши со „Бела“ на Пајак и Лара.

Значењето на Макфест за македонскатра забавна музика најдобро го искажа Никола Јанков – Коки кој со сега покојниот Дуле Љубисављевиќ пред три и повеќе децении го формираа дуото Дуле и Коки чии песни станаа голем хит кај младата популација:

-Го паметам и ќе го паметам засекогаш Макфест по тоа што ни даде шанса, што пред 29 години не лансира со Дуле, а тоа е нешто што млад човек само може да го посака кога почнува да гради сериозна кариера. За мене овој фестивал и денес ја има истата функција да им помогне на младите, талентирани за музика луѓе да се афирмираат, да направат нешто, да има од некаде барем да тргнат по патот кој сами си го трасирале, рече Коки.

# Штипјанецот Тодор Арсовски прв македонец кој ќе настапи на оперската сцена во Бразил

Тодор Арсовски, момчето од светот на операта за кого допрва ќе се слушне“. Под овој наслов, во бројот 90 од февруари месец 2019 година, во Штипски Глас објавивме разговор со талентираното момче од нашиот Штип кого го најавивме како оперски пејач пред кого стои блескава иднина.

И, не се излажавме. Тодор деновиве ни се јави од Бразил за со нашата јавност да ја споделиме информацијата за неговиот настап на оперска сцена во Бразил како прв Македонец на кого му била укажана таква чест. Но,



-Имам право со доза на голема гордост за мојот Штип и мојата Македонија да објавам, дека како прв македонец ќе земам учество на оперскиот фестивал ФЕМУСЦ26 во градот Јарагуда до Сол-Бразил. Горд сум на фактот дека овој фестивал постои 21 година, а јас ќе бидам првиот македонец кој ќе настапи на оперска сцена во Бразил, вели Арсовски.

Во годината во која во нашиот весник излезе текстот за Арсовски (2019) тој тргна на својот европски и светски пат да ја развива својата кариера.

-Во 2019 година заминав за Германија каде во Франкфурт ја надградував својата кариера. Во 2023 година добив покана од солистот на Варненската опера, од бас-баритонот Дејан Вачков кој настапуваше во Валенција-Шпанија. Поканата беше да соработуваме работејќи заедно како еден мини мастер клас од една недела за подобрување на мојата техника и вокално - карактерниот израз. Во март 2025 земав учество на семинарот и на концертите од семинарот во Софија-Бугарија, SOPS25 (Sofia Opera performing Seminar) во организација на проф.Гуенко Гечев и проф.Петар Данаилов, вели Арсовски.

За фестивалот во Бразил Тодор вели дека се работи за настан од светски рамки.

-За настап на овој фестивал имаше 1.546 апликации од целиот свет, а право на учество добија 330 оперисти меѓу кои сум и јас. Фестивалот ќе се одржи од 11 до 24 јануари, идната година. Само сакам да и порачам на моите штипјани да бидат сигурни во тоа дека таму ќе ги претставам на најдобар можен начин за и тие да бидат горди што едно момче од Штип со своите квалитети и упорноста се претставил на сцена на кој друг македонец до сега не бил, посочува Тодор Арсовски.

Штипски Глас премиерно го претстави младиот тален во текст објавен во ноемврискиот број од 2019 година. Еве што напишавме во разговорот со Арсовски:

- За Тодор Арсовски, 26 годишен штипјанец, апсолвент на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на првенката во МОБ, сопранот проф. Весна Гиновска Илкова се говори како за голем талент кој, кога ќе дојде времето, ќе блесне на домашната и на европска оперска сцена. Тодор го има завршено средното мучичко училиште „Сергеј Михајлов“ во Штип вокално иструментален оддел одсек солопеење во класата на проф. Виолета Вучкова Арсовска.

Тој потекнува од фамилија Китанови од с. Долани. Неговиот дедо Методи е еден од основачите на КУД „Штипски трендафили“ и долгорочен играорец, а неговата баба Софијанка пеела во тоа друштво. Тодор „навлекол“ малку од гените на неговата баба и од мали нозе свирел хармоника и пеел, потоа во нижото музичко училиште учел клавир во класата на проф.Станка Спасикова Лазова за подоцна да продолжи во средното музичко училиште. По завршувањето на ова училиште се запишува на ФМУ во Скопје.

-Јас би бил најсреќен, кога би можел да застанам (дебитирам) и засекогаш да останам на подиумот на МОБ. Сепак, трагајќи по неопходната егзистенција,

***За настап на оперскиот фестивал во градот Јарагуда до Сол во Бразил пристигнале 1.546 апликации од целиот свет, а право на учество добиле 330 оперисти меѓу кои е и Арсовски. Фестивалот ќе се одржи од 11 до 24 јануари, идната година. Арсовски им порачува на неговите штипјани да бидат сигурни во тоа дека таму ќе ги претстави на најдобар можен начин.***

а и желбата за еманципација можно е да побарам излез и надвор од границите на нашата Република. Засега се е во игра, а се надевам дека мојот избор ќе биде најдобар во однос на мојата кариера каква што си ја посакувам, изјави Арсовски пред шест години за нашиот весник.

Тогаш забележавме дека краткото школување на Тодор во Болоња, Италија, земјата на операта која ги дала Паваротти и Бочели, му внела дополнителна енергија сигурно и одговорно да чекори по зацртаната патека на неговиот живот, што денес се докажува со извонредниот успех да настапува на оперска сцена во Бразил.

# Пуштен во употреба затврениот базен на Суитлак

Министерството за спорт успешно реализира уште еден инфраструктурен проект. Министерот за спорт Борко Ристовски заедно со претседателот на Владата, Христијан Мицкоски и со градоначалникот на Штип, Иван Јорданов, го пуштијаво употреба новиот базен од затворен тип, еден од базените кои беа почнати од поранешната Агенција за млади и спорт уште пред пет години и беа оставени недовршени.

На почетокот од годината, министерот Ристовски се заложи да се доврши изградбата на овие објекти и тие да бидат ставени во функција на граѓаните. Тоа беше поставено и како приоритетен проект во програмата на Министерството за спорт за подобрување на спортската инфраструктура за 2025 година.



*Премиерот Мицковски, министерот Ристовски, градоначалникот Јорданов*



*Новиот затворен базен*

„Претставува огромно задоволство кога проекти почнати пред 4-5 години ќе ги ставиш во функција. Ова

**РИСТОВСКИ: „Претставува огромно задоволство кога проекти почнати пред 4-5 години ќе ги ставиш во функција. Ова е втор ваков базен што е ставен во функција на граѓаните, што значи дека нашите заложби и ветувања се гледаат и низ конкретна реализација“.**

е втор ваков базен што е ставен во функција на граѓаните, што значи дека нашите заложби и ветувања се гледаат и низ конкретна реализација. Како Министерство за спорт настојуваме да го исполниме секое наше ветување и да стоиме зад дадениот збор. Мислам дека досега одиме во добра насока. Се надевам дека во иднина ќе имаме уште многу вакви проекти“, истакна Ристовски.

Министерот за спорт упати благодарност до општина Штип за „одличната соработка и координација во реализацијата на овој проект“ и благодарност до Владата за поддршката во реализацијата на проектите од спортската инфраструктура.

**МИЦКОСКИ: На крајот на јули годинава во употреба беше пуштен базенот во Кисела Вода, сега во функција е ставен и базенот во Штип, а во наредниот период треба да бидат завршени и базените во Кичево, Битола, во општина Ѓорче Петров и во општина Карпош како и базенот во Кавадарци.**

„Овој базен е еден од оние проекти кои стоеја заглавени и 4-5 години тапкаа во место. Но еве сега, оваа Влада во изминативе 15 месеци ги раздвижи тие проекти, Продолжуваме и понатаму да инвестираме во спортот. Како велат, во здраво тело- здрав дух. И токму во таа насока, би сакале да ги навикнеме младите да спортуваат уште од најрана возраст бидејќи така се градат во вистински личности кои ќе се борат и ќе напредуваат во животот“, рече претседателот на Владата, Христијан Мицкоски упатувајќи пофалба до Министерството за спорт и до општина Штип за успешната реализација.

Изградбата на базенот во Штип е инвестиција од 46.735.815 денари со ДДВ. Во рамките на овој инфраструктурен проект на Министерството за спорт, на крајот на јули годинава во употреба беше пуштен базенот во Кисела Вода, денеска во функција е ставен и базенот во Штип, а во наредниот период треба да бидат завршени и базените во Кичево, Битола, во општина Ѓорче Петров и во општина Карпош како и базенот во Кавадарци.

Жена се буди наутро и гледа дека до неа лежи туѓ маж.
Жената го дава натрапникот на суд, а судијата ја прашува:
-Добро ма жено, цела ноќ туѓ маж лежи во твојот кревет, а ти за тоа дознаваш дури идното утро? Па зарем не забележа порано дека спиеш со туѓ маж?
-Не забележав другар судија?
-Зошто?
-Па кога натрапникот вечерта легна до мене, го сврте грбот, и веднаш зарча и заспа. Исто како и мојот маж!

Добро ма ќерко, денеска си направила повеќе глупости од вчера. Како ма тоа?
-Така мамо што денеска станав порано од вчера!

Двајца осудени на смрт, пред да бидат погубени ги прашале дали имаат последна желба.
Првиот од нив рекол:
– Јас сакам уште еднаш да го слушнам последниот хит на Јелена Карлеуша.
Вториот:
– Мене ако може да ме стрелате прв!

Во болница докторот му се обраќа на пациент:
– Овие апчиња за лечење на Корона вирусот ќе мора да ги пиете до крајот на животот.
– Ама докторе, сте ми дале рецепта само за една недела…
– Е да де, па што тука не е јасно?

Трпе се враќа камен пијан дома и одеднаш губи свест. Се буди сабајлето, на ништо не се сеќава. Оди низ дневната гледа се искршено. Телевизорот на парчиња, прозорци искршени, врата откорната. Лом. Оди во кујната замислен, гледа на масата поставен најубавиот појадок на светот. И на масата писменце “Драги, те сакам најмногу на свет. Уживај во појадокот. Твојата женичка”.
Доаѓа син му и Трпе го прашува:
– Мали што е ова? Што се случува? Јас на ништо не се сеќавам. Се начукав ептен ама гледам мајка ти не е лута. Туку и гледај каков доручек ми спремила.
– А бе тато. Што да ти кажам. Се врати вчера во 2 саат камен пијан. Почна да кршиш. Да пцуеш. Да се дереш. Го крена цело маало на нозе. Дојдоа и комшии и полиција и се живо се собра. Туку мама те однесе да те облече во пижами за да си легнеш. Јас те држев, а она те соблакаше. Кога ти ги откопча панталоните ти и викна: “Не ме допирај ороспријо! Јас сум оженет човек!”






# ТР-МР




**Размислува: Iv. BOJ**

**Откако започна да се бави со политика сосема ја запостави сопругата. Доказ дека политиката не е за вистинските мажи.**

**На медицинските факултети ќе се воведува нов предмет. Политички науки. Кога веќе толку голем број доктори сакаат да се бават со политика**

**Се жали дека жена му по цел ден му копала по коските. Па што очекуваше кога зеде археолог за жена?**

**Во Виница се одржа фестивалот на хумор и сатира-Ин Виница веритас. Последната вечер беше импозантна: настапи Македонскиот парлемент...**

**Крадци влегле во библиотека и од неа украле дузина книги. Полицијата експресно ги фатила и уште поекспресно ги сместила во – лудница.**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | | | | 7 | | | | 2 |
| | | 6 | 1 | | 3 | 7 | | |
| | 7 | | | 8 | | | 4 | |
| | 3 | | | 2 | | | 1 | |
| | | 4 | 6 | | 5 | 3 | | |
| | 9 | | | 3 | | | 5 | |
| | 5 | | | 9 | | | 6 | |
| | | 2 | 3 | | 8 | 4 | | |
| 1 | | | | 6 | | | | 5 |





## ИМПРЕСУМ

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:
Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април, 2009 година
Главен и одговорен уредник:
Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник:
Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 31.10.2025 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани,
ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас
се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN 2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите.



| Ш.Г. | **Хрватски тенисер (фотос)** | Расчленувачи | Главен град на Перу | Мала кучешка тенија | Река во Север. Америка | Артистк. Савина | Тантел | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оловна руда | | | | | | | | | | | | | |
| Воспаление на ноктите | | | | | | | | | | | | | |
| Вид коприва | | | | | | | Италијан. пејачка | | | | | | |
| Пејачката Мајлс | | | | | | Ампер / Град во Шпанија | | | | | | | |
| Никел | | | Разгоре. дрва и сл / Иван Точко | | | | | | | | | | |
| Јапонски револуц. Сеити | | | | | | | | Чешки фудбал. клуб | Красноречивост | Италиј. композ. Антонио | Меѓунар. театарски институт | Котор | Диригент Тоскани |
| Италијан. режисер | | | | | | | | | | | | | |
| Антон Чехов | | | Пресметувач / Англиска музичка група | | | | | | | | | | |
| Вавилон. бој на говорот и писмото | | | | | Итал. фк.клуб / Река во Србија | | | | | | | Тон / Ловец на китови | |
| Вулкан во Костарика | | | | | | Карики / Стран. ж.име | | | | | Куманово / Муслим. машко име | | |
| Ам. артист Мартин | | | | Вера Ацева / Град во Пакистан | | | Ф.К. од Луксемб. / Ангстрем | | | | | | |
| Шпанија | | Град во Турција / Артист. Аџани | | | | | | Муза на лир. поез. / Војв. фуд. стручњак Ференц | | | | | |
| Град во источна Македонија | | | | | | | Пејач Дасен / Река во Турција и Русија | | | | | | Скијач Едалини |
| Питинеј. дива коза | | | | | Артис. Рејнолдс / Аргети. шахист Оскар | | | | | Фудбал. Хенес / Страо римски поздрав | | | |
| Корист | | | | Наш револуционер / Историч Ливиј | | | | | | | | | |
| Ш.Г. | Наш балетан Тони Антимон | | | | | | | | | | Ванила Ајс / Една нота | | |
| Подготвителна настава | | | | | | | | Хемиски елемент / Азот | | | | | |
| Кал, глиб | | | | | | Памучно предиво | | | | Поетот Шопов | | | |

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ

*по најповолни цени...*



НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22

www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA